РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Агенција за заштита на личните податоци**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

Бр. 04-407/19
4.5.2021 година

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), а во врска со Конечната ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог на кандидати за вработување бр. 10-695/7 од 22.4.2021 година, генералниот секретар на Агенцијата за заштита на личните податоци донесе

**ОДЛУКА**

за избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас

1. За извршител на работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 **советник-сметководител,** Одделение за финансиски прашања, се избира кандидатот:

- **ДАНИЕЛ ГЕЛЕВСКИ** (идентификациски код 8А303F1)

2. Оваа одлука да се достави до избраниот кандидат и да се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за заштита на личните податоци.
3. Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесе решение за вработување на административен службеник.

**Образложение**

На ден 24.3.2021, во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", и на веб-страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 99/2021 за вработување на административен службеник во Агенцијата за заштита на личните податоци на работно место советник-сметководител, Одделение за финансиски прашања УПР 01 01 В01 000.

Со Решение бр. 10-695/3 од 29.3.2021 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, на ден 8.4.2021 година спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-695/4 од 8.4.2021, на ден 21.4.2021 година спроведе испит за уредните кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-695/5 од 21.4.2021, на ден 21.4.2021 година изврши проверка на веродостојност на доказите и спроведе интервју со кандидатите кои успешно ја поминале проверката и состави Записник од спроведената проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник бр. 10-695/6 од 22.4.2021 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, до Агенцијата за заштита на личните податоци е доставена конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог на кандидати за вработување бр. 10-695/7 од 22.4.2021 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата.

**Генерален секретар,**
**Леонора Кадрији**

Доставено до:
- Агенцијата за администрација,
- Кандидатот,
- Човечки ресурси,
- Архива